КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КФМ

С Т А Т У Т

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ бр. 8
СКОПЈЕ

Октомври 2022 година

Врз основа на членовите 5, 18, 23, 76 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 53/10 и 135/11), член 14, 15 и 22 став 1 алинеа 1 од Законот за спорт (Службен весник на РМ бр.29/02, 66/04, 81/01, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19, 244/19) како и член 23 алинеа 2 од Статутот на Кајакарската Федерација на Северна Македонија, Собранието на Федерацијата на седницата одржана на 16.10.2022 година, го донесе следниот:

СТАТУТ
На Кајакарска Федерација на Северна Македонија

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Кајакарската Федерација на Северна Македонија (во натамошниот текст КФСМ) е Асоцијација на кајакарските клубови на територијата на Република Северна Македонија, заради остварување на заедничките цели и задачи во областа на кајакарскиот спорт основана на неопределно време.

Во КФСМ се остварува и јавниот интерес од областа на спортот на Републиката, општините и градот Скопје. Основни задачи на КФСМ се организирање и развој на кајак и кану во следните дисциплини: кајак слалом и кајак крос, кану спринт, спуст на дива вода, паракану, кану маратон, кану поло, кану слободен стил, кану океански трки, рафтинг, драгон боат, СУП и други дисцилини признати од страна на Меѓународната Кајакарска Федерација (ИЦФ).

Член 2

КФСМ ја претставува во меѓународните односи Република Северна Македонија во сите кајакарски дисциплини.
Промовира и развива меѓународна соработка, организира и подготвува настапи на кајакарите и кануистите на Олимписките игри, светски, европски и балкански првенства, светски купови, медитерански игри и други меѓународни натпревари.
Федерацијата организира меѓународни натпревари во Р.С. Македонија.

Член 3

Името на Федерацијата е: **КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.**
Скратеното име на Федерацијата е : **КФСМ**.

Член 4

КФСМ со своето работење и дејствување врши непартиско, неполитичко и не врши верско дејствување, согласно член 13 од Законот за здруженија и фондација (Службен весник на РМ бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016) и член 4 од Законот за спорт на РМ (Службен весник на РМ бр. 29/2002).

Член 5

Програмите и дејствувањето на КФСМ неможат да бидат насочени кон:

- Насилно уривање на уставниот поредок на Републиката;
- Поттикнување или повикување на воена агресија;
- Разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Член 6

КФСМ има својство на правно лице со права, обврски и одговорности што произлегуваат од законските прописи, од овој Статут и други акти на КФСМ.
КФСМ се запишува во Централниот Регистар на Република Македонија во Скопје.
КФСМ ја претставува и ја застапува Претседателот на КФСМ, а во негово отсуство потпретседателите или генералниот секретар.

Член 7

КФСМ делува на територијата на Република Северна Македонија.
Седиштето на КФСМ е во Скопје на: Ул.Столтенбергова бр.1 (Градски парк - Кошаркарска сала Работнички) општина Центар.

Член 8

КФСМ има знаме. Знамето на КФСМ го утврдува Собранието на КФСМ, и е во правоаголна форма со димензии 20 см х 30см, светлосина боја и фигура на кајакар во завеслај со дел од сонце во позадина.

Член 9

КФСМ има печат во кружен облик на кој е испишан текстот: Кајакарска Федерација на Северна Македонија, а во средината на печатот се наоѓа знак.

Член 10

КФСМ соработува со: Сојузот на Спортски Федерации на Македонија, Агенцијата за Млади и Спорт, Македонскиот Олимписки Комитет и асоцијации, за прашања од заеднички интерес. По потреба КФСМ соработува со други здруженија на граѓани, Факултетот за Физичка Култура, претпријатија и други организации на територијата на Република Северна Македонија.
КФСМ самостојно се зачленува во соодветни меѓународни организации, кои делуваат во областа на кајакаскиот спорт.
Одлука за зачленување во КФСМ донесува Собранието на КФСМ.

Член 11

КФСМ не може да врши стопанска дејност. КФСМ може да основа друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво, за остварување на целите, интересите и активностите, како и финансирање на нејзините функции утврдени со овој Статут.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ * БРОЈ 8

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КФСМ

Член 12

Основни цели и задачи на КФСМ се:

- утврдување на заедничката политика на КФМ
- потикнување и омасовување, развој, унапредување и афирмирање на кајакарството како спорт
- зајакнување на конкурентноста на македонските кајакари во правец на постигнување на врвни спортски резултати
- се грижи и за унапредување на статусот, правата и здравствената заштита на Македонските кајакари
- координирање и усогласување на програмските активности на комитетите за слалом и спринт, комисиите и кајакарските клубови. Сите недоразбирања да бидат решавани во соодветните органи и тела на КФМ

- унапредување, грижа за развој на соработката со републичките спортски федерации, други организации и сродни асоцијации со кои што е предвидена спортска соработка
- создава услови за успешно презентирање на кајакот во Република Македонија и странство
- го развива и усовршува системот на напревари
- учествува во подготвување и организација на големи меѓународни спортски натпревари
- врши други работи утврдени со закон, договори и други нормативни акти.

ЧЛЕНСТВО И ДЕЛУВАЊЕ

Член 13

Членови на КФСМ се спортските здруженија на граѓани односно трговски друштва кои имаат решение за дејност спорт (во натамошниот текст : (Кајакарски клубови).

Член 14

За зачленување на кајакарскиот клуб во КФСМ потребно е да се исполнат следните критериуми:

- Да се основани во согласно со Закон за здруженија и фондации и Законот за спорт.
- Да поседува Решение за дејност спорт од Агенцијата за Млади и Спорт.
- Основна цел на основањето да биде потикнување и развој на кајакарскиот спорт и спортот воопшто.

Федерацијата води регистар на сите членки кајакарски клубови кој се ажурира секоја година.
За околностите дали кајак клубот ги исполнува условите за прием во федерацијата во согласност со Правилникот за регистрација на клубови и натпреварувачи одговорна е Регистрационата комисија којашто го известува Извршниот одбор на КФСМ.

Член 15

Одлука за зачленување во КФСМ, врз основа на претходна оценка за исполнети критериуми за здружување донесува Собранието на КФСМ.
Членките должни се да достават: Статут, Решение од Централниот Регистар, решение од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот како и останата предвидена документација во согласност со Правилникот за регистрација на клубови и натпреварувачи.
Во КФСМ членуваат кајакарските клубови и дисциплини признаени од (ИЦФ) кои функционираат на територија на Република Северна Македонија.
Кајакарските спортски клубови можат да формират спортски школи согласно член 10 став 2 од Законот од Законот за спорт (Службен весник на РСМ бр. 244/19)
Организациите имаат даночни и царински олеснувања согласно со Законот.

Член 16

Статутот и другите општи акти на членките мораат да бидат во согласност со Законот за спорт, Законот за здруженија и фондации и овој Статут.

Член 17

Членките на КФСМ имаат права и должности:

- да учествуваат во утврдувањето на заедничката политика
- да дадат предлози и забелешки на работата на органите на КФСМ

- преку своите преставници активно учествуваат во работата и одлучувањето во сите органи и тела на КФСМ
- да превземаат мерки и активности заради остварувањата на целите и задачите на КФСМ
- да се залагаат за доследно спроведување на одлуките, ставовите и заклучоците на КФСМ
- да користат други права и вршат други должности, кои им припаѓаат врз основа на овој Статут и другите акти на КФСМ
- да учествуваат во системот на натпревари

Член 18

КФСМ е должна во рамките на своите права и должности сите мислења, сугестии предлози и иницијативи на членките да ги разгледа во своите органи и за тоа да завземе соодветни ставови.
КФСМ може да одлучи за определени стратешки прашања да одреди претходна јавна расправа.

Член 19

Својството на членка во КФСМ може да престане:
- со истапување од КФСМ
- ако не ги исполнува критериумите утврдени во член 14 на овој Статут
- не плаќа членарина, не ги почитува одредбите од Статутот и другите општи акти на КФСМ

Членката на која по било која основа и престанало тоа својство, должна е да ги исполни сите обврски кон КФСМ.
Членка на КФСМ заради немање спортски активности во КФСМ во текот на една година (учествуво на најмалку две државни првенства со минимум пет (5) различни натпреварувачи), го губи правото на одлучување во сите тела и органи на КФСМ во текот на една наредна година.

ОРГАНИ НА КФСМ

Член 20

Органи на Федерацијата се:
- **Собрание**
- **Извршен Одбор**
- **Комитет за Спринт**
- **Комитет за Слалом и кајак крос**
- **Комитет за Спуст**
- **Надзорен Одбор**

СОБРАНИЕ

Член 21

Собранието на КФСМ во натамошниот текст: Собрание управува со работата на КФСМ.

Член 22

Собранието како највисок орган на КФСМ се состои од два члена - преставници на сите здружени кајакарски клубови. Здружените кајакарски клубови ги бираат самостојно своите членови во Собранието.

Член 23

Собранието ги врши следните работи:

- ја одредува политиката на развојот на кајакарскиот спорт во Република Северна Македонија
- одлучува за донесување и промена на Статутот и други општи акти на КФСМ
- донесува Деловник за својата работа
- разгледува и усвојува програма за една или повеќе години
- донесува финансиски план и завршна сметка на КФСМ
- врши избор на Претседател на Федерацијата
- врши избор на членови на Извршниот одбор
- врши избор на членови на Надзорниот одбор
- формира комитети за слалом и кајак крос, спринт и спуст
- донесува одлуки за разрешување во однос на Статутот
- избира и отповикува преставници на КФСМ во органи и тела на други организации
- одлучува за основање на претпријатие
- одлучува за здружување на нови спортски здруженија
- донесува одлука за престанок за работата на Федерацијата
- врши и други работи од делокругот на работата на КФСМ, доколку со овој Статут или со нејзина одлука не се ставени во надлежност на извршниот или друг орган.

Член 24

Мандатот на членовите на Собранието трае (4) четири години.
Мандатот на членовите на собранието може да престане и пред истекот на рокот кој што се избрани во следниве случаи:

- отповикување
- со поднесување на оставка на функцијата член на Собранието на КФСМ
- доколку настапат такви околности поради кои членот не би можел да ја обавува должноста член на КФСМ

Отповикувањето на членовите се врши на начин и по постапка како и за неговото предлагање, односно избор.

Член 25

Доколку мандатот на членот престанал пред рокот за кој што бил избран, а истиот бил член на Извршниот одбор, за нов член на Извршниот одбор одлучува Собранието. На предлог на клубот кој има право да го отповика или замени со друг.

Член 26

Членот на Собранието има права и должности:

- да учествува во работата на Собранието и во други органи во кои што е избран
- да завзема ставови по прашања за кои одлучува Собранието и неговите органи
- за работата на Собранието и за својата работа да го известува кајакарскиот клуб кој што го претставува
- да покренува дискусија за прашања од делокругот на работата на Собранието и дава предлози за донесување на соодветни одлуки
- да учествува во извршувањето на задачите утврдени со одлуки на Собранието

- поставува прашања, бара податоци и стручна помош од стручната служба на КФСМ

Член 27

Редовно изборно Собрание се одржува секоја четврта (4) година.

Член 28

Собранието одлучува за сите прашања на седници.
Собранието донесува одлука со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата.
Собранието одлучува со мнозинство на гласови на своите членови кога одлучува за:

- донесување на промена на Статутот и други општи акти на КФСМ
- донесување среднорочен план и развој на кајакарскиот спорт во Република Северна Македонија
- донесување програми, финансиски план и завршна сметка на КФСМ
- именување-избор и разрешување во согласност со Статутот
- здружување на нови кајакарски клубови

Член 29

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Федерацијата (во натамошниот текст претседател).
Во случај на отсутност или спреченост на претседателот да претседава на седницата, него го заменува генералниот секретар со овластување од претседателот.

Член 30

Собранието се свикува најмалку еднаш годишно.
Вонредни седници можат да бидат свикани на барање од повеќето од 1/3 здружени кајакарски клубови, Извршниот одбор и Надзорниот одбор.
Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор, Надзорниот одбор или иницијаторите. Начинот на свикување на седницата се определува со деловникот за работа на собранието на КФСМ.

Член 31

Седниците на Собранието се свикуваат најмалку 14 (четиринаесет) дена пред одржувањето на седницата.
Седницата на Собранието се смета за уредно свикана доколку Претседателот, Извршниот одбор, Надзорниот одбор или иницијаторите достават до сите клубови членки (Покана за Собрание, Дневен ред и материјали за точките од предложениот Дневер ред).
Во исклучителни ситуации Претседателот може да ја свика седницата и во пократок рок, но не помалку од 8 (осум) дена.
Седниците на Собранието се јавни и за нивната работа се води записник.

Член 32

Собранието за својата работа непосредно е одговорно пред здружените кајакарски клубови.
Членовите на здружените кајакарски клубови во Собранието, лично се одговорни за својата работа пред организацијата од која се избрани во Собранието.

ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 33

Извршниот одбор има девет (9) члена, со мандат од четири (4) години.
Претседателот на Собранието е и Претседател на Извршниот одбор, со мандат од четири (4) години.

Извршниот одбор е составен од: Претседател, три (3) члена кои се Претседатели на комитетите за: слалом и кајак крос, спринт и спуст, еден (1) претставник од комисијата на спортисти. Во Извршниот одбор членуваат уште 2 (два) члена економисти и 2 (два) члена правници.

Членовите 2 (два) економисти и 2 (два) правници се избираат на предлог на Претседателот.

Членовите на Извршниот одбор и Генералниот секретар не смее да се во роднинска врска по сите линии до втор степен со Претседателот на Националната спортска Федерација, ниту пак нивни компании да се капитално или управувачки повврани.

Членовите на органот на управување на Националната спортска Федерација не треба да се вработени или членови на управувачки органи во компанија во која доминантна сопственост има Претседателот на Националната спортска Федерација.

Членовите на Извршниот Одбор можат да имаат свои замени за присуство на седницата.

Член 34

Извршниот одбор ги обавува следните работи:

- ја спроведува утврдената политика за развој на кајакарскиот спорт
- го утврдува предлогот на Статутот и други општи акти
- предлага донесување на план за развој на кајакарскиот спорт, годишна програма, финансов план, годишен календар на натпревари како и прифаќање на завршна сметка на КФСМ
- предлага услови и начин на користење на сметката
- ги спроведува ставовите, заклучоците и одлуките на Собранието
- управува со движниот и недвижниот имот на КФСМ
- ги разгледува прашањата од кајакарските клубови и превзема соодветни мерки за унапредување на нивната работа
- се грижи за осигурување на стални и стабилни извори на финансирање
- го прифаќа системот на натпреварување во кајакарење предложен од комитетите

Извршниот одбор одлучува за сите прашања на седница. Седниците се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

Член 35

Извршниот одбор донесува одлуки на седницата со мнозинство на гласови од присутните членови. За полноправно донесување одлуки, потребно е присуство на минимум пет (5) членови. Извршниот одбор донесува одлуки со јавно гласање, освен во случај кога ќе одлучи одлуките да се донесуваат со тајно гласање.
Во колку резултатот од гласањето е нерешен, одлучува гласот на Претседателот.
Со цел за непречено работење и поголема ефикасност во донесување на одлуки на Извршниот одбор и заради обезбедување потребно мнозинство, односно потребен минимум присутни членови од значење за донесување на одлуките, спречениот член на Извршниот одбор, може да овласти со полномошно друго лице, но со претходно дадено одобрение од матичниот клуб за издаденото полномошно.

Доколку има итност за донесување на одлука, согласно член 3 точка 11 " **ОДЛУЧУВАЊЕ БЕЗ ПРИСУСТВО** " од законот за здружение и фондациие начин преку кој членовите на ИО може да се изјаснат и донесат валидна одлука без одржување на седница, а преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт или друг начин уреден со Статутот на Федерацијата, се консултираат со Генералниот Секретар, а одлуката мора на првата редовна седница на ИО истата да ја верификуваат.

Член 36

Седницата на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на КФСМ.
Во случај на отсутност или спреченост на Претседателот, седницата ја свикува и со неа раководи еден член на Извршниот одбор, овластен од Претседателот на КФСМ.
Седницата се свикува и по барање на најмалку три (3) члена од Извршниот и Назорниот одбор.

Член 37

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.
Собранието може да го отповика целиот Извршен одбор или поедини членови пред истекот на мандатот, доколку оцени дека истите не ја обавуваат својата должност во согласност со одредбите на Статутот, односно во согласност со одлуките на Собранието.

Извршниот одбор или член на Извршниот одбор се отповикуваат по иста постапка како што се избрани.

КОМИТЕТИ-КОМИСИИ

Член 38

За подготвување на предлози и стручни обработки на прашања од работата со специфичните активности на секоја дисциплина во рамките на КФСМ, Собранието формира Комитети-комисии, како стручни органи кои работат самостално.
Комитетите се составени од минимум 3 (три) клубови членки.

Постојани Комитети:

1. Комитет за кајак спринт од три (3) члена со право на глас
- Стручен совет од три (3) члена
- Судиска комисија од три (3) члена

2. Комитет за кајак слалом и кајак крос од пет (5) члена со право на глас
- Стручен совет од три (3) члена
- Судиска комисија од три (3) члена

3. Комитет за кајак спуст од три (3) члена со право на глас
- Стручен совет од три (3) члена
- Судиска комисија од три (3) члена

4. Дисциплинска комисија од три (3) члена составена од преставници на комитетите за спринт, слалом и кајак крос и спуст кои се одбираат на Собрание.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ Број 8 СКОПЈЕ

5. Комисија за спортисти составена од членови на трите комитети, која е составена од пет (5) члена, која работи по свој правилник и дава свој претставник во Управниот одбор на КФСМ.

6. Регистрациона комисија од три (3) члена, составена од претставниците на клубовите кои се избираат на Собрание.

7. Комисија за Маркетинг од три (3) члена, составена од претставниците на клубовите кои се избираат на Собрание.

Член 39

Мандатот на членовите на Комитетите-комисиите со право на глас е ротирачки според пласманот на најдобрите клубови од државните првенства од претходната година и тоа за секој комитет засебно.
Правата, обврските и одговорностите на Комитетите-комисиите, нивното поле на делување се регулираат со посебен Правилник за секој комитет.
Комитетите во кајак спринт, слалом и кајак крос, и спуст должни се да поднесат преку Извршниот одбор до Собранието

а) Предлог Програма и финансов план за една година
б) Предлог Годишен извештај за работата и финансов извештај.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 40

Надзорниот одбор е орган на КФСМ кој се состои од три (3) члена, преставници од спортските работници.
Членовите на Надзорниот одбор ги бира Собранието.
Членовите на Надзорниот одбор неможат да бидат членови и на други органи и тела на КФСМ.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири (4) години.
Претседателот го бираат од своите редови.

Член 41

Надзорниот одбор:

- го контролира спроведувањето на законитоста на работењето на КФСМ
- врши контрола на извршувањето на законските договорените и другите обврски на КФСМ
- го контролира и анализира остварувањето на утврдената финансиска политика и финансискиот план на КФСМ
- предлага мерки што треба да се превземат за спроведувањето и отстранувањето на неправилностите во работењето
- предлага и други мерки во врска со својата работа и задачите од делокругот на своето работење

Член 42

Надзорниот одбор за својата работа поднесува извештај до Собранието и одговара пред него.
Начинот на работата на Надзорниот одбор се уредува со Деловникот за работа.

Член 43

Органите на КФСМ и Стручната служба на КФСМ должни се на Надзорниот одбор и инспекторот од Агенцијата за Млади и Спорт на Република Македонија да му ги

дадат сите барани и потребни податоци како и овозможување увид во целокупната документација.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 44

Претседател на КФСМ може да предложи секој кајакарски клуб.
За Претседател ќе биде избран оној кандидат што ќе добие повеќе гласови од присутните членови на Собранието, со мандат од (4) четири години, но не повеќе од два мандата последователно.

Член 45

Претседателот за својата работа одговара пред Собранието.
Претседателот се бира од редовите на особено истакнати спортски работници и стручни лица од областа на кајакарскиот спорт.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Член 46

- Ја претставува и застапува КФСМ
- Свикува и претседава на седницата на Собранието и Извршниот одбор
- Ги потпишува актите што ги донесува Собранието и Извршниот одбор
- Наредбодател е за извршување и реализација на финансискиот план на КФСМ
- Извршува и други активности утврдени со овој Статут и другите општи акти на КФСМ.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 47

Генерален секретар се именува по претходно објавен јавен оглас од страна на Извршниот одбор на Федерацијата.
Јавниот оглас се објавува на веб страницата на Федерацијата и во најмалку три дневни весници, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 48

За Генерален секретар може да биде именувано лице кое покрај општите работни услови ги исполнува и условите предвидени во Законот за спорт, има организаторски способности, соодветни резултати како стручно лице во спортот и ги исполнува дополнителните критериуми кои се подготвени и усвоени од страна на Извршниот одбор.

Член 49

Генералниот секретар е самостоен во својата работа, а за истата одговара пред Претседателот и Извршниот одбор на Федерацијата.

ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР

Член 50

- ја застапува КФСМ во границите на овластувањата добиени од страна на Претседателот и Извршниот одбор
- го заменува Претседателот на КФСМ со претходно добиено овластување од страна на Претседателот

- се грижи за организирање на работата на Извршниот одбор и Надзорниот одбор на КФСМ
- се грижи за извршување на заклучоците и одлуките на Извршниот одбор на КФСМ
- соработува со Агенцијата за млади и спорт и Македонскиот Олимписки комитет
- се грижи за известување на јавноста за работата на КФСМ
- се грижи за подготвување на нацртите и предлозите на програмите, финансискиот план, завршната сметка и другите документи што ги донесува Извршниот и Надзорниот одбор
- извршува и други обврски утврдени со закон и одлуки на Извршниот одбор.

Член 51

Генералниот секретар може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое што е избран:

- ако поднесе оставка
- ако со неизвршување или несоодветно извршување на својата должност го оневозможи вршењето на основните задачи на КФСМ или ако со своето незаконско и неправилно однесување и нанесе штета на КФСМ
- во други случаи предвиедни со Закон.

СЕЛЕКТОР И ТРЕНЕР НА ДРЖАВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА:

Член 52

Комитетите на КФСМ избираат селектори и тренери на државната репрезентација во кајак-кану слалом и спринт според нивните правилници, посебно за мажи посебно за жени, со надомест на професионален или на аматерски однос.

Член 53

Селекторите и тренерите на државната репрезентација се избираат на период од четири (4) години, во своите Комитети за слалом и кајак крос, спринт и спуст по правило за четиригодишен олимписки циклус, со право на повторен избор, а може и за пократок временски период.

Член 54

Делокругот, надлежноста, правата и обврските, постапката и начинот на ангажирање се регулираат со посебен правилник на Комитетите за репрезентацијата на Северна Македонија во кајак слалом и кајак корс, спринт и спуст.

МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 55

КФСМ своите материјални средства за извршување на програмските задачи ги обезбедува од Агенцијата за Млади и Спорт, врз основа на приложената Програма на КФСМ за Комитетите.

КФСМ може да остварува средства за редовна дејност за остварување на одделни програмски активности од:

- претпријатија
- здружени организации
- спонзорства
- донации
- од приредување на игри на среќа
- членарина и други приходи на КФСМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 3 • СКОПЈЕ

Член 56

Приходите и расходите на КФСМ се утврдуваат со Финансискиот план кој го донесува Собранието на КФСМ.
Наредбодател за извршување на Финансискиот план на КФСМ е Претседателот на КФСМ.

Член 57

КФСМ може да поседува движен и неподвижен имот.
Средствата на КФСМ се користат на начин утврден со Закон со овој Статут и другите општи акти на КФСМ.

Член 58

Претседателите на Комитетите самостојно учествуваат во донесувањето одлуки за начинот и работата во Комитетите. Извршниот Одбор на КФСМ распределува финансиски средства врз основа на усвоена Програма на Комитетите, на добиените средства од Агенцијата за Млади и Спорт, Македонскиот Олимписки Комитет, Ваучерскиот систем и други донатори.
Претседателот и Генералниот Секретар на КФСМ неможат да влијаат или одлучуваат за Програмите за работа на Комитетите.

Член 59

Стручните, организационите работи, коресподенцијата, финансиските, административно-техничките и другите работи на органите на КФСМ ги вршат работниците вработени во КФСМ и Спортската Федерација на Северна Македонија каде што е здружена КФСМ.

Член 60

Работниците во КФСМ и стручната служба на Спортската Федерација на Северна Македонија, своите права и обврски од работен однос ги остваруваат во согласност со Законот, правилниците на Комитетите и други општи акти на КФСМ.

Член 61

Со цел за поуспешно извршување на работите, Комитетите можат да донесат одлука вработените да се вклучат во друга стручна служба од областа на спортот.

Член 62

Неспоиво е вршење на функција член во органите на КФСМ со функцијата работник односно стручната служба на Спортската Федерација на Северна Македонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИСТАР НА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ
РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 63

Работата на КФСМ е јавна.
Јавноста во работата на КФСМ се остварува преку:

- навремено доставување на материјали за расправа на претставниците на членките и другите заинтересирани организации и
- известување на преставниците од средствата за јавно информирање и други средства за информирање со содржината на прашањата по кои ќе се расправа на седниците на органите на КФСМ;
- известување на граѓаните за работата и функционирањето на КФСМ и на други начини.

За одредени значајни прашања, за кои е потребно да се запознае пошироката јавност КФСМ може да свика „Конференција на средства за јавно информирање".

Член 64

Федерацијата може да издава списанија, листови, публикации и брошури од областа на кајакарскиот спорт.

Член 65

Јавноста на информирањето се врши во согласност со прописите за јавно информирање.

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 66

За постигнување резултати во развојот и унапредувањето на кајакарскиот спорт во Република Северна Македонија,по повод годишнини и јубилеи, КФСМ доделува признанјиа на спортски организации,Федерации и поединци.
Признанијата се доделуваат согласно изготвен Правилник.

Член 67

На прогласените пет(5) најдобри кајакари-ки сениори, пет(5) најдобри кајакари-ки младинци, најдобар кајакарски клуб и тренер за тековната година во кајак слалом и кајак крос, кајак спринт и кајак спуст, КФСМ им доделува соодветни награди. Рангирањето на спортистите, клубовите и тренерите се врши врз основа на изготвен Правилник.

ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА КФСМ

Член 68

Федерацијата престанува со работа:

- ако е донесена одлука на Собранието на КФСМ со двотретинско мнозинство
- ако бројот на членки се намали под бројот определен за основање
- ако Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе одлука дека програмата и Статутот на КФСМ не се во согласност со Уставот
- ако се утврди дека КФСМ престанала со работа
- во други случаи определени со Закон.

Претседателот на КФСМ или лицето кое ја застапува КФСМ е должен за околностите од став еден од овој член да го извести Централниот Регистар на РСМ во рок од 15 дена по нивното настанување.

Член 69

Доколку не се исполнети условите од член 68, став 2 на овој Статут, се свикува нова седница на Собранието, по истекот на (6) шест месеци.

Член 70

Во случај на престанок на работата на КФСМ доколку не биде донесена одлука за право на имотот и средствата, по намирување на обврските, имотот ќе и припадне на Република Северна Македонија.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 71

Измени и дополнувања на овој Статут донесува Собранието на КФСМ на начин и по постапка која се применува за неговото донесување.
Во случај на измени и дополнување на Статутот на КФСМ и други измени предвидени со Закон, КФСМ во рок од (30) триесет дена од денот на донесувањето на измените и дополнувањата на Статутот на КФСМ, односно измените предвидени

со Закон, го известува надлежниот орган, со поднесување барање до Централниот Регистар на РСМ за запишување на измените и дополнувањето во регистарот.

Член 72

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на КФСМ.

Член 73

Сите општи акти на КФСМ кои не се во согласност со овој Статут, ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од (6) шест месеци од денот на неговото донесување.

Член 74

Здружените кајакарски клубови и Комитетите се должни да ги усогласат своите Статути и Правилници со Статутот на КФСМ во рок од шест (6) месеци од денот на стапување во сила на овој Статут.

Член 75

Со стапување во сила на овој Статут, престанува да важи претходниот Статутот на Федерацијата.

Член 76

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, 16.10.2022 година,.

Кајакарска Федерација на
Северна Македонија
Претседател,

Дриљон Леши